Томо ТОМОСКИ

# ОВЧЕ ПОЛЕ ВО СРЕДНИОТ ВЕК

Централната положба[1] што ја има Овчеполската област на Балканот како и нејзините природни услови оставиле своевидна трага во историјата на тој крај[2].

---

[1] Овче Поле според географската определба се протега: на запад до реката Вардар и тоа од устието на реката Пчиња па низ Вардар до нејзиниот состав со реката Брегалница; на исток еден венец од ридови го преградува од подрачјето на Злетовската Река; на север Градиштанската височина го дели од Кумановската област, а на југ се граничи со реката Брегалница, која таму, почнувајќи од градот Штип, се пробива во завои до реката Вардар преку еден појас од голи ридови.

Овче Поле (рамнината заедно со ридовите) е суво и безводно. Сливот на маловодните реки (Рудничка и Светиниколска Река) не го менуваат изгледот на Овче Поле. За степскиот карактер на централниот дел на областа придонесуваат герани (слатински места), како и лошиот распоред на врнежите. Природните услови секако се одразиле врз распоредот на населбите како и врз занимањето на населението. Во пределот околу населбата Св Николе има нешто повеќе вода, а и составот на земјата е подобар, па затоа таму и има најмногу села. Види повеќе кај Миленко Филиповић, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва 28, Београд 1935, стр. 490; Ј. Цвијић, Основе за географију и геологију Македоније и старе Србије, I, Београд 1906, стр. 200, 204, 222 и 223.

[2] Тука приведуваме некои запишани прикажувања за Овче Поле, без оглед што тие немаат цврста историска основа и вредност. Едно од нив го забележал во почетокот на XVIII век Јеротие Рачанин при својот престој во овчеполското село Горобинце. Имено, според тоа кажување, Србите наводно, откако ја напуштиле прекуморската Србска, зад градот Троја, се населиле на Овче Поле. Освен тоа, споменатиот Ј. Рачанин таму видел убава земја, житни полиња, лозја, овошни насади, реки, студени извори, градови и села. Притоа тој набројал и 14 големи цркви, штобиле изградени од бел камен. Стојан Новаковић, Прилози к историји србске књижевности VI — Јеротија Рачанина пут у Јерусалим 1704 год., Гласник Српског ученог друштва, књига XXXI, Београд 1871, стр. 298 и 299.

Исто така за историска реконструкција се неупотребливи и податоците што ги дава „Сказаніе Исаїа пророка». Според апокрифот бугарскиот владетел наводно го примил царството на реката Брегалница, а на Овче Поле соѕидал бели цркви. Во списот се прикажува и за царот Гаган, кој имал прекор Оделѣнь. Тој наводно изградил три града, меѓу кои и Штип. „Основачот» на градот, по 28 години владеење, бил отепан на Овче Поле.

Според вториот апокриф „Виденіе Исаїе пророка» на Овче Поле постоел змијарник на една апокалиптична змија. Споменик СКА III, Београд 1890, стр. 191, 193 и 194. За веродотојноста на „Сказаніе...» и на другите апокрифи пишувал В. Н. Златарски во трудот История на българската държава презь срѣднитѣ вѣкове, том II. София 1934, стр. 77, бел. 1 и стр. 92, бел. 2. — Споменатите списи своевремено

Податоците забележани во писмените извори и остатоците од материјалната култура[3] се малобројни и непроучени, па поради тоа е многу тешко целосно да се согледа и следи историјата на оваа област. Реконструкцијата на настаните од историјата на Овчеполската земја може приближно да се изврши со користењето на странични извори во прв ред за соседните области.

Најстарото зачувано известување потекнува од византискиот писател Јован Скилица. Тој, меѓу другото, пишува и за воениот поход на византискиот цар Василиј II што го повел веднаш по смртта на македонскиот владетел Самуил. Тогаш, кон крајот на 1014 година византиската војска навлегла во Пелагонија, а потоа, еден нејзин одред ги зазел тврдините Прилеп и Штип (τό φρούριον Πριλάπου καί τοῦ Στουπείου)[4]. Византиската војска на пат за Штип бездруго поминала и преку Овче Поле. Подоцна по загинувањето на македонскиот владетел Јован Владислав жителите на Моровизд (Μωροβίσδου) преку едно пратеништво му го предале градот на Василиј II[5]. При крајот на Големата војна и пред паѓањето на Охрид под византиска власт, Василиј II уште еднаш престојувал во градот Штип[6].

Во текот на споменатата војна овчеполските населби бездруго биле ограбени и запустени од страна на византиските војници. Обласга,

---

критички ги прикажал и оценил Constantin Jireček во трудот: Das christliche Element in der topographischen Nomenclatur der Balkanländer, Wien 1897, стр. 86—92. К. Јиречек, покрај друго, според една „Визија» пишувал и за еден бој што се случил на Овче Поле на изворот Киј (Кијев студеньц). Во врска со овој географски податок треба да се има предвид дека меѓу овчеполските села Г. и Д. Трогерци има месност Кијево. Освен тоа во народното творештво и денес е присутна змијата било во вид на орнамент изделкана заедно со дракони на чешмите во с. Иванковце и во манастирот Ѓуриште, било во приказните на селаните за змија, дебела како човечка нога.

Некои места од Овче Поле и Злетово (Ратковица, Злетово и Ратеица) се забележани и во житијата на словенските анахорети од тој крај, меѓутоа настаните што се поврзани за култот на Јоаким Осоговски и Гаврило Лесновски имаат локален и легендарен карактер и се шема од поново време. Йорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония, София 1931, стр. 399 и 411; Рад. М. Грујић, Скопска митрополија, Споменица православнот храма св. Богородице у Скопљу, Скопље 1935, стр. 75, 78, 79; М. Пурковић, Светитељски култови у старој српској држави, Београд 1939, стр. 9 и 10.

[3] За античките населби и комуникации во Овче Поле види во статијата на Иван Микулчиќ под наслов: Убикација на Билазора, објавена во Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот — Скопје, кн. 2 (28), Скопје 1976, стр. 149. Остатоци од стари населби забележани се и кај Јован Хаџи Васиљевић, Кумановска област, Београд 1909, стр. 406. — Останува да се уточни Базар (Мезра), со втор назив Трговиште кај с. Долно Ѓуѓанце и во близината на манастирот Свети Никола, што е регистриран во Тари defter No 85 од 1572 година. За овој податок му должам благодарност на проф. Методија Соколовски. Под Базар веројатно се крие Бабин Град кај с. Орел.

[4] Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966, стр. 112. — Фанула Папазоглу во својот труд Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, на стр· 240, бел. 44 го објаснува споменатиот податок на Ј. Скилица и притоа го утврдува идентитетот на Стипеион. Види ја и мојата статија: По трагата на средновековниот град Девол, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, I (27), Скопје 1957, стр. 195.

[5] Византијски извори, III, стр. 124.

[6] Исто, стр. 126.

долго време потоа, останала слабо населена и дури во средината на XI век, таму биле колонизирани заробени Печенези[7].

Во XI век, во Македонија, на двапати избувнале востанија против византиската власт. Притоа во 1040 и во 1072 година било ослободено и Овче Поле заедно со другите делови на Македонија. По задушувањето на востанијата на Петар Делјан и на Ѓорѓи Војтех византиската власт во Северна Македонија, во Полог и во Скопско, одново била разнишана од упадите на Норманите (1082 год.) и на Рашаните (1093/4 год.[8].

Богатството на македонските градови во средината на XII век било запишано во прв план во „Географијата“ од Арабјанецот Идриси. Тој дал опис и на градот Qôrytôs кој лежел на патот Скопје—Струмица, на ден одење, југоисточно од градот на р. Вардар. Според софискиот ракопис на „Географијата“, Коритос се наоѓал североисточно од Скопје. Коритос бил добро населен град и имал житни полиња и лозја[9]. Нема сомневање дека во името на спомнатиот град се крие населба што била изградена во близина на Скопје и Скопската област. Впрочем на таков заклучок упатува и еден византиски акт од крајот на XII век. Станува збор за еден „Privilegium“ на византискиот владетел Алексиј III Ангел што му бил даден на венецијанскиот дужд Енрико Дандоло во 1199 (1198) година. Во него е забележана и Prouincia Skopie cum episcepsi Coriton[10]. Во истиот документ се споменуваат: Provincia Triadice et Vueleusdij (Провинција Софија и Велбужд), како и Provincia Malesouij et Morouisdij (Провинција Малешево и Моровизд). Тие лежеле источно од Скопската провинција и нивната положба треба да се има предвид при рекогносцирањето на Коритос. По него и добил име дистриктот (една помала административна единица), кој бил составен дел на провинцијата Скопје.

За положбата на градот се искажани повеќе мислења[11]. Секако, раширената теза за идентификација на Коритос со Кратово, не може да се одржи, бидејќи неговата положба не одговара на описот што го дал Идриси. Имено, Кратово лежи по страна од комуникацијата Скопје—Струмица[12], не е крстец на патишта, нити има житни полиња. Кратов-

---

[7] Во 1048 година голем број Печенези преминал преку р. Дунав и навлегол во внатрешноста на Балканот. Меѓутоа тие биле пречекани и поразени од византиската војска, а потоа населени по рамнините на Сердика (Софија), Ниш и Овче Поле Εὐτξαπέλου (Византијски извори, III, стр. 164).

[8] Исто, стр. 380 и 388.

[9] W. Tomaschek, Zur Kunde der Hämus—Halbinsel, Sitzungsberichte der kaiserliche Akademie der Wissenschaften, Philosophisch-historische Classe CXIII Bd., Wien, I Heft, стр. 360 и 363. Види и Борис Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси, София 1960, стр. 37, 39, 41 и 113, бел. 45.

[10] G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, Urkunden zur älteren Handels- und Staatsgeschichte der Republik Venedig, I Theil, Wien 1856, стр. 260, 261 и 262.

[11] За досегашните убикации на градот види во мојата статија: Каде лежел градот „Qoritos». Гласник на Институтот за Национална историја, I, Скопје 1957, 2, стр. 147.

[12] Ј. Белчовски за патот на делницата Сер—Струмица пренесува, а со тоа и предлага несоодветна траса која е зацртана врз една стара и во науката надмината информација. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, стр. 527.

скиот басен има рудно богатство и за него Идриси сигурно нешто би кажал доколку градот влегувал во неговата мрежа на комуникации.

Југоисточно од Скопје, освен Овчеполската област, нема друга која би можела да ја покрива територијата на некогашната „episcepsi Coriton“[13]. Ѓуриште[14] е единствено место кое со својата положба на Овче Поле одговара на описот што Идриси го дал за Коритос.[15]. Височината Ѓуриште (856 м) зазема централно место на Овче Поле и како некој кораб надвиснала над најплодниот дел од овчеполската земја. Ѓуриште е богато со вода, шуми и пасишта. Таму, во близината на Ѓуриште некогаш цветале античките населби кај с. Кнежје и с. Павшенци[16]. Покрај Ѓуриште од секогаш се комуницирало во разни правци: за Скопје, за Нагоричино, за Велес, за Чрешче, за Струмица, за Штип и за Моровизд.

Последните две децении од XII век во Византија биле присутни дворски пресврти, социјални потреси, востанија и упад на Нормани на Балканот. Тогаш, како и во првите децении од XIII век во централна Македонија се создало Просечкото кнежевство. Во тие години Овче Поле бездруго спаѓа под власт на Добромир Хрс и Стрез[17]. Подоцна, во текот на борбата на балканските држави за превласт во Македонија, Овче Поле менувало почесто господари. Во 1246 година никејската војска, покрај другите места и предели во Македонија, ги зазела Овче Поле (Νευστάπολις) и Просек[18]. Неколку години подоцна (во 1255 година) никејскиот владетел Теодор Ласкарис, откако му се предал гарнизонот од градот Велес, се упатил со војска за Струмица преку Овче Поле (Νευσταπόλεως). Според Георгиј Акрополит местото било безводно, ненаселено и тешко преодно за голема војска. Таа неколку дена трпела за леб, а повеќе коњи не пиеле вода цели два дена[19].

---

[13] За жителите на Овче Поле дури и во почетокот на XX век се употребувал назив „Которци». Тоа име денес се задржало само за селата што лежат од левата страна на р. Пчиња, од с. Пчиња па до с. Градманци кај Катланово. Види кај Јован Хаџи Васиљевић, Кумановска област, Београд 1909, стр. 286 и 287.

[14] Во Солунската каза за село Коритен е забележен и втор назив Гьордже. Васил Кънчов, Избрани произведения, II, София 1970, стр. 440 (15).

[15] Г.Шкриваниќ градот Kuritusa го бара кај денешното село Крушје југоисточно од Катланово. Гавро Шкриванић, Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974, стр. 91, 92 и 100.

[16] Иван Микулчиќ, нав. труд, стр. 149—165.

[17] Според Бл. Цветкоски Штип признава византиска власт до 1197 година и бугарска власт до 1207 година. Тој го бележи само владеењето на Стрез од 1207 до 1214 година. Благоја Цветковски, Историски и стопански развиток на Штип од создавањето до 1919 година. Astibo — Штип I—XX век (1964) стр. 29.

[18] Georgii Acropolitae historia, Lipsius 1903, 78. Михаил Воинов кој ја подготвил за печат Историјата на византискиот писател Георгиј Акрополит неточно го идентифицира Просек со Демир Хисар на р. Вардар. Извори за българската история XV, София 1971, стр. 176.

[19] Georgii Acropolitae historia. 118. В. Мошин меѓу освоените тврдини од царот Теодор Ласкар го набројува и Овче Поле. Меѓутоа за постоење на град Овче Поле нема потврда во современите извори. Види: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975, стр. 120.

По уништувањето на латинската власт во Цариград, во 1261 година, Македонија заедно со Овче Поле и Штип била придружена на обновената Византија. Но по 20 години, по промената на личности на престолот во Цариград и во Србија, во 1282 година српската феудална војска навлегла во северна Македонија и ги зазела Полозите, Скопје, Овче Поле, Злетово и Пијанец[20]. Според прикажувањето на биографот на српскиот владетел Милутин на освоената територија било ограбено тамошното богатство, а земјата во голем дел била поделена на српските велможи. Грчките феудалци од освоените области делумно избегале, а делумно биле протерани поради правење метеж[21].

Во тие години српско-византиската граница во источна Македонија се протегала северно од градовите Велес (изграден од десната страна на р. Вардар) и Чрешче (сместен од левата страна на р. Брегалница[22]. Меѓутоа во граничниот појас немало мир, ни почитување на граничната линија. Теодор Метохит во својот извештај за патувањето на српскиот двор оставил сликовит опис за состојбата на граничната територија. Тој, меѓу другото, пишува дека жителите не живеат во населени места, туку покрај границите, планините и во пустините, каде што од заседа ограбуваат патници и добиток (говеда и кози) и потоа тргуваат со украдени стоки[23]. Во текот на нападите и контранападите на српската и на византиската војска, а особено во времето на каталонската војна доаѓало до поместување на граничната линија. Тоа може да се насети и од поемата на Мануил Фил за походите на Михаил Глава во Македонија и во соседните земји. Имено, тој во своите стихови ги вметнал Овче Поле (τόν Εὐτζάπολις), Моровизд (Μορόβισδος), Скопје, Славиште (Σθλάβιτζα), Пианец (Πίαντζος), Стромос и Струмица[24].

Во 1299 година, во планинскиот дел на Овче Поле, во едно погранично место српскиот крал Милутин водел преговори со византискиот пратеник Теодор Метохит за својата женидба со византиската

[20] Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други, Загреб 1866, стр. 108 и 109. В. Мошин прави превид кога во првото освојување на области во Македонија од српската феудална војска го става и Порече. Види ја неговата статија: Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II, Скопје 1977, стр. 161. — За истото пишува и Ј. Белчевски во статијата: Опис на Источна Европа од 1308 година објавена во Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија II. Тој таму, на стр. 451 неосновано прикажува дека Милутин во периодот од 1283 — 1318 ги освоил Поречието до Треска (sic), Сидорокастрон (sic), Чрешче покрај веќе познатите предели и градови.

[21] Животи краљева, стр. 109.

[22] Види ја мојата статија: Исправки и дополненија на некои карти од средновековната историја на Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 7, Скопје 1954, стр. 116. — В. Мошин повикувајќи се на К. Иречек ја повлекол границата „до линијата Струмица—Просек». Види ја неговата статија: Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин, Споменици, II, стр. 161, и Споменици, I, стр. 124.

[23] Споменици, II, стр. 253.

[24] Mannuellis Philae, Carmina, ed. E. Miller, T. II. Parisiis 1857, стр. 254. В. Н. Златарски, История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове, III, София 1940, стр. 602. — C. Jireček, Das christliche Element, стр. 78 и 79.

принцеза, а и по некои други прашања од меѓусебните односи. Византискиот преговарач напишал извештај за својата мисија на српскиот двор, меѓутоа во него не е зацртан патот од Солун до српската граница, ниту е забележано местото на средбата меѓу двете странки. Теодор Метохит задните денови од патувањето ги опишува со следниве зборови: „Најпосле, откако патувавме не знам колку дни, стигнавме во еден град во граничните покраини на царството. Таму разбравме сосема точно од месните жители дека српскиот крал бил многу близу, вчера — завчера пристигнал во едно најблиско од соседните села (читај гратче)“. Теодор Метохит, во продолжението пишува дека Србинот што бил придружен кон византиското пратеништво побарал да оди до кралот: „та да му соопшти . . . дека веќе сме тука, веднаш пристигаме и да биде сè добро подготвено, да има сè доволно во планинска и гранична земја, зашто господарот отседнал во мало гратче“. „Ние, пак, се забавивме на она место таму повеќе отколку што требаше, измамени од месните жители дека растојанието е мало и дека треба да се патува само тој ден и дека нема потреба да се брза. А кога го фативме патот и тргнавме напред заблудени, одевме кроце . . ., а доцна вечерта трчавме. Кон еден или двата часот преку ноќта, ни се чини, уште не бевме во градот, ама останавме не малку време сред едно поле . . .“ По описот на приемот на српскиот двор, византискиот пратеник пишува за текот на преговорите и надодава: „Четвртиот ден (по прекинот на преговорите) беше некаков празник и ние требаше да појдеме в црква . . . Отидовме, впрочем, во најубавата црква на градот, Св. Богородица“[25]. Некои научни работници како, на пример, Стојан Новаковиќ, Радослав Груиќ и други, имајќи ги предвид показателите од извештајот, го утврдувале идентитетот на гратчето и притоа се определиле за Скопје[26]. Меѓутоа образложението што тие го дале за таа теза е еднострано и не доволно уверливо. Имено Скопје во тие години не било погранично место, ниту лежи во планински предел. Освен тоа зборовите „сред едно поле“ и „за најубавата црква на градот, Св. Богородица“ можат да се употребат и за друго гратче што се наоѓало тогаш во пограничниот појас. Да се потсетиме уште еднаш дека во тоа време српско-византиската граница, на секторот каде Т. Метохит можел да патува, се протегала северно од Велес, Чрешче и Штип. Среќна е околност што по патот по кој врвел Т. Метохит подоцна во 1342 година поминал и Јо-

---

[25] Споменици II, стр. 261, 263 и 267.

[26] Ст. Новаковић, Немањићске престонице Рас — Пауни — Неродимља. Глас Српске краљевске академије LXXXVIII, Београд 1911, стр. 25. — Рад. М. Грујић, Скопска митрополија, стр. 102. — К. Илиевска, Теодор Метохит и неговиот извештај за дипломатската мисија во Србија. Споменици II, стр. 222. — В. Мошин во статијата „Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин», повикувајќи се на зборовите на Т. Метохит „сосема во соседство со нашата граница» го свртува вниманието на Штип, „кој тогаш се наоѓал токму на српско-византиско-бугарската тромеѓа, на големиот пат за Бугарија, и на патиштата за Солун, а исто така и за Тесалија преку Прилеп—Битола—Лерин». Споменици II, стр. 188. Меѓутоа, во истата книга само во една друга статија, В. Мошин сепак се определил за Скопје, како место во кое Т. Метохит водел преговори со српскиот крал Милутин. Споменици II, стр. 377.

ван Кантакузин. Имено, тој се движел од Солун преку Женско (Гинеко-Кастро), Просек и Велес. Таму, од спротивната страна на градот бил пречекан од српскиот велмож Јован Оливер и потоа поведен во неговиот двор. Оттаму Ј. Кантакузин се упатил за Скопје, а Јован Оливер за Морава во пресрет на српскиот владетел Душан[27]. Дворот на Ј. Оливер бездруго бил изграден над селата Трстеник и Крушица, а во рамките на пространиот градски комплекс денес познат под името Ѓуриште[28]. Под него се протега полето на с. Горобинци, а на самиот локалитет покрај зачуваната црква Св. Богородица се распознаваат траги уште од неколку цркви. Гратчето било на српска територија во планински и пограничен предел и „најблиско" до соседниот византиски Велес, кој бил оддалечен не полн ден одење од него.

Во почетокот на XIV век, поправо во 1308 година, јужната граница на Србија била зацртана со еден правен акт што го склучиле српскиот владетел Милутин, од една страна, и Карло Валоа, француски претендент на латинскиот престол, од друга страна. Притоа, на Србија ѝ било потврдено да ги држи во посед земјите што ги освоила од Византија и тоа: земјата што се протегала од границите на градот Прилеп до границите на градот Просек (веројатно Поречка земја) и Овчеполската земја до градот Штип и Дебарската земја до реката Маат и Кичевската земја (Quiciave) до границите на Охрид (Oqueriae)[29]. Според договорот градот Штип останал надвор од српската територија. Во врска со тоа и во еден друг акт од тоа време, кој е придружен на првиот, српскиот владетел Милутин настојувал да изврши исправка на границата на секторот Штип. Имено, станува збор за „Видимацијата" на францускиот владетел Филип IV. Од неа дознаваме дека Милутин го потврдил договорот во Goliqueline[30].

---

[27] Ј. Радонић, О деспоту Јовану Оливеру и његовој жени Ани Марији, Глас Српске краљевске академије XCIV, Београд 1914, стр. 96 и 97. —К . Јиречек — Ј. Радонић, Историја Срба, II, Београд 1952, стр. 279. Cantakuzeni, Historiarum, III, 38 p. 238.

[28] За манастирот Ѓуришта (Ђурица, Ћуриша, Ћурице Гіуришта, Гурице), и за тамошната црква Богородица види: Глиша Елезовић, Записи и натписи, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области I, Скопље 1936, стр. 253, 264.

[29] W. Tomaschek, Zur Kunde der Hämus-Halbinsel, стр. 354. Некои географски податоци од споменатиот договор не се точно предадени во статијата на В. Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделбата на Византиска Македонија. Имено, тоа се однесува во прв ред на: „Земјата од Дебер до реката Махат, области Кичане до границата на Хокерија (црногорски предел на племето Кучи)». Споменици II, стр. 423. Истото се повторува на стр. 439 и во преводот на договорот што го дава Л. Славева. Види и кај Стојан Новаковић, Срби и Турци XIV и XV века, Београд 1960 (СКЗ), стр. 85, 86 и 439-

[30] Според В. Мошин договорот бил ратификуван на Косово на 25 јули 1308 година. Споменици II, стр. 17, 192, 423 и 442. Споменатиот топоним В. Мошин и Л. Славева, по примерот на М. Пурковиќ го идентификираат со Голи Х'лми во Призренско. Меѓутоа, по сè изгледа дека Милутин тогаш престојувал на еден важен воен пункт меѓу Нагоричино и Славиште во близината на рударскиот предел Трновац, т.е. на преодот Страцин кој е познат и под назив Гоглин (Го(ли)глин), по планината со тоа име. За Гоглин види во Материјали по изучването на Македония, София 1896, стр. 145, 146, 562, 588 и 589.

Милутин престојувал во Овче Поле во 1299 година, во деновите кога била склучена српско-византиската спогодба за брак, со која на српскиот владетел му биле дадени во приќе освоените земји, меѓу нив и Овчеполската[31]. Подоцна, во 1311 година, тој таму се сретнал со црковниот достоинственик Данило, кој посредувал во спорот со брат му Драгутин[32]. На Овче Поле, на р. Пчиња под градот Кожле, Милутин околу 1313 година изградил црква посветена на св. Никола[33].

Кожле било гратче. мало по пространство, сместено во клисурата на Пчиња, близу до составот на таа река со Вардар. Тврдината била изградена од левата страна на Пчиња, во завојот на таа река, на месноста Маркови кули[34] на едно камено ритче што стрмно се спушта во реката Пчиња и во кањонот на една суводолица[35]. Од некогашниот град се зачувани две кули на источниот и западниот дел, како и појас од градскиот ѕид од јужната страна. Рекогносцирањето на градот е отежнато од израснати дрвја (даб, клен, габер, смокви и др.) и грмушки. Траги од темели има и во долниот дел од градот. На локалитетот, а особено под градот има останки од градежна керамика и од садови.

На другиот, пониский дел од завојот, на едно мало камено рамниште, над самата река и покрај една карпа јасно се распознаваат темели од еден објект. Нема сомневање дека таму лежела црквата Св. Никола.

Во споменатиот кањон, од неговата лева страна, има една пештера и во неа зачуван ѕид со ниша во горниот појас, како и траги од фрески што биле напластени на каменот од пештерата.

Во близина на градот, високо во една гора, од левата страна на реката Пчиња и денес стои црквата Св. Јован Ветерски. На спротивната страна на Пчиња, на еден камен, над самата река, лежи запуштената црква Св. Богородица.

---

31 Споменици I, стр. 128 и 299. — Законски споменици српских држава средњега века, уредил Стојан Новаковић, Београд 1912, стр. 477.

32 Животи краљева и архиепископа српских, стр. 45. — Михаило Динић, Однос између краља Милутина и Драгутина, Зборник радова Византолошкот иснтитута, кн. 3, Београд 1955, стр. 70.

33 Според Р. Грујиќ, Милутин ја обновил црквата. Скопска митрополија, 56. — Јов. Хаџи Василевиќ средновековната црква на Милутина ја барал кај денешната населба Ново Село, на р. Вардар „под Кожлем», на местото на тамошната црква Св. Никола (Талелеја). — Јов. Хаџи Васиљевић, Скопље и његова околина, Београд 1930, стр. 445. — С. Николовска ја идентифицира споменатата црква со манастирот Св. Богородица, кој се наоѓа од десната страна на р. Пчиња, под селото Кожле, Споменици II, стр. 513. — Л. Славева, не можејќи да определи која од споменатите убикации е точна, им остава на историчарите на уметноста да ја утврдат положбата на црквата Св. Никола. — Лидија Славева, Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век (докторска дисертација), Скопје 1977, стр. 672 и 673.— Види и кај Евгениј Наумов, Петте последни години на Стефан Душан, Историја, VI, Скопје 1970, 2, стр. 94, 101.

34 J. X. Василевиќ забележал дека местото каде има останки од тврдината се вика Калеја (Кале). Ј.В., Скопље и његова околина, стр. 23 и 401. Види ја мојата статија исправки и дополненија, стр. 111 и 114.

35 Л. Славева неточно го става градот „на високиот 'рт од десната страна на р. Пчиња, во Таорската клисура», Л. Славева, Дипломатичко-правните споменици, стр. 687.

Култот на св. Никола бил раширен и на други места на Овче Поле и во соседните предели[36]. Денес, главната населба во пределот го носи тоа име.[36a].

За името на светителот врзано е и едно чудо од животот на српскиот владетел Стефан Дечански[37].

Овчеполската земја како единствен назив за освоената територија во Македонија, заедно со Велбуждската влегувале во титулата на српскиот владател Стефан Дечански[38]. Во време на неговото владеење српската феудална војска успеала да го раскине византискиот одбранбен појас на линијата Велес, Просек, Чрешче, Штип и Добрун и да ја прошири српската власт до границите на тврдината Струмица[39]. Во освоените градови биле поставени српски управители и воени одреди со цел да ги држат во „послушност".

Војните што тогаш се воделе, оставале зад себе пустош. На непријателската територија биле запустени села, разорувани феудални дворци, уништувани лозја, овошни садници и житни полиња[40].

Во 1327 година едно византиско пратеништво од Цариград, на пат за Скопје, поминало од р. Струма, преку Петрич, Струмица и Овче Поле. Сликовит опис од тоа патување ни оставил Никифор Григора[41].

Во времето на српскиот владетел Душан на Овче Поле и во соседните предели се донесувале решенија од поширок интерес за српската држава. Таму се одржувале собори и се вршеле воени подготовки за освојувања на византиската територија[42].

Во мај 1350 година српскиот цар Душан на пат од Солун за Лукавица му ја потврдува баштината на Иванко Пробештитовиќ[43]. Во март 1352 година Душан се наоѓал во Слан Дол (царь рече у Сланих долѣхь) на Овче Поле[44]. Во мај околу 1355 година српскиот цар му пот-

[36] Види кај Миодраг Пурковиќ, Попис цркава у старој српској држави, Скопље 1938, стр. 34—38 и 40.

[36a] Манојло Чучковић, Варошица Св. Николе на Овчем Пољу, Гласник Скопског научног друштва XV—XVI, Скопље 1936, стр. 275.

[37] М. Пурковић, Светитељски култови, стр. 3. — М. Динић, нав. труд, стр. 77; Ст. Новаковић, Срби и Турци, стр. 439; Животи краљева и архиепископа српских, стр. 126; Глиша Елезовић, Записи и натписи, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, стр. 263.

[38] Законски споменици, стр. 645.

[39] Животи краљева и архиепископа српских, стр. 197.

[40] Исто, стр. 209; Законски споменици, стр. 403; Во еден запис од 1330 година стои дека запустела грчката земја и дека биле освоени градови. Љуб. Стојановић, Стари српски записи и натписи, I, Београд 1902, бр. 56.

[41] Грчкиот текст и превод е објавен во Споменици II, стр. 523. Писмото на Н. Григора е проследено со коментар и со една уводна статија од Ј. Белчовски.

[42] Животи краљева и архиепископа српских, стр. 226, Георгије Острогорски, Душан и његова властела у борби са Византијом, Византија и Словени, стр. 192.

[43] Александар Соловјев, Одабрани споменици српског права, Београд 1926, стр. 152.

[44] Љуб. Стојановић, Старе српске повеље и писма I, Београд—Ср. Карловци, 939, стр. 66.

врдува и му дава права и повластици на манастирот Хиландар[45]. Со задниот акт, поправо биле запишани решенијата што биле донесени на државниот собор во Крупиште. Друг еден акт, за правата на манастирот Св. Никола во Добруштa, составен врз основа на решенијата на државниот собор во Крупиште, бил напишан пак во споменатото место[46].

Во времето на Стефан Дечански и Душан, меѓу велможите во источна Македонија, во новоосвоените области посебно место имале двајца велможи и крупни земјовладелци по име Хрељо[47] и Јован Оливер.

Потеклото на Хрељо не е познато; веројатно бил дошлак од западните предели на српската држава[48]. Тој бил краишки војвода со звање протосеваст, располагал со војска од 1.000 војници и со богатство. Хрељо имал имоти во новоосвоените предели од Византија, посебно во Штипско, во Лакавица, Струмичко, Мелничко и во долината на р. Струма. Тој бил свртен кон територијата што се протегала меѓу тврдините Штип, Струмица, Мелник и Стоб, на тромеѓата меѓу Србија, Византија и Бугарија. Тој со своите совети придонел во насочувањето на српската политика спрема Византија во времето на Ст. Дечански. Тој како војвода учествувал во српските освојувања во Македонија, а со еден одред и во внатрешните борби во Византија. Во 1327 година

---

[45] Законски споменици, 432 и 434. Види и кај Миодраг Пурковић, Итинерар краља и цара Стефана Душана, Прилошци средњовековној српској историји, Гласник Скопског научног друштва, XIX, Скопље 1938, стр. 240 и 241.

[46] Законски споменици, 718 и 720.— Крупиште било место, погодно за собирање на српските феудалци од новоосвоените области. Тоа лежи на 15 км од Штип и на 20 км од Злетово, на составот на Злетовската Река и Брегалнциа и на работ на Морозвишкото поле, богато со бујно зеленило и со вода. Во негова близина се зачувани траги од средновековниот град Козјак и од една античка населба. Камените блокови од античкото селиште биле пренесувани и користени за изградба на еден објект на месноста Клетовник во Крупиште. Комплексот на ритчето Клетовник бил обграден со надворешен ѕид, кој бил направен од камени блокови и накршен камен. Останки од материјалната култура има и на месноста Градиште (над Клетовник) како и на месноста Кале (се мисли на платно од ѕид) што се наоѓа крај денешната населба Крупиште. Во Крупиште имале имот светогорските манастири Св. Пантелејмон и Хиландар. Законски споменици, стр. 513 и Одабрани споменици, стр. 164.

[47] Името е зачувано во народната традиција и во топонимијата. Денес постои с. Крилатица, во Кратовско, од левата страна на Крива Река. Во 1704 година Јеротија Рачанин забележал кај Нагоричино три рида што ги нарекуваат шаторишта. Еден од нив го носел името на Релѣ Омућевић. Стојан Новаковић, Прилози к историји српске књижевности, стр. 298.

[48] Михаило Динић, Реља Охмућевић, Зборник радова Византолошког института, IX, Београд 1966; Ст. Станоејвић, Реља Крилатица, Политика, 10 октобар 1930, број 8056, година XXVII, стр. 6; Љуб. Стојановић, Реља од Пазара, Пилози за књижевност, језик, историју и фолклор, Књига друга, Београд 1922, стр. 88. Стојан Новаковић, Немањићске престонице Рас—Пауни—Неродимље, Глас СКА LXXXVIII, стр. 20, 25.

[49] Јован Ђорђевић, Српски војвода Хреља оснивалац манастира Св. Јована Рилског, Братство XXXI, Београд 1940; Йорданъ Ивановъ, Сѣверна Македония, София 1906, стр. 87 и 88. Види и кај Евгениј Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342—1355 година, Историја, Скопје 1968, 2, стр. 63, 64, 65, како и во статијата Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие, Историја, IX, Скопје 1973, 2, стр. 114.

тој ја држел страната на Андроник II, а подоцна во петтата деценија на XIV век се определил на страната на Ј. Кантакузин. Од времето, кога ги олабавил врските со српскиот владетел Душан и кога се спогодил со византискиот партнер потекнуваат неговите звања велики доместик и кесар. Хрељо не се снашол во дадената ситуација. Тој се вовлекол во партиската борба што се водела во Византија, па и во борбата меѓу Србија и Византија. Притоа, тој погрешно се определил за страната што губела и бил принуден да се повлече од политичкиот живот, и умира како калуѓер Харитон (1342 година) во Рилскиот манастир кадешто бил и закопан.

Хрељо ја соградил црквата Св. Аранѓел во Штип, која подоцна станала метох на манастирот Хиландар. Тој изградил и еден пирг во манастирот Рила[49].

За вториот крупен феудалец, за Јован Оливер, е зачувано и писмено известување дека имал седиште на Овче Поле. Тој бил една од најистакнатите личности во политичката активност на српската држава во времето на Душан. Неговиот брз растеж може да се следи низ звањата што ги носел во српската администрација. Тој бил велики челник[50], потоа велики слуга[51], велики војвода [52], велики севастократор[53] и деспот[54] .Ј. Оливер издавал грамоти[55], ковал свои монети[56], имал свои вазали (властеличиќи)[57] и бил почитуван еднакво во земјата и во странство[58]. Тој бил крупен земјовладелец, ја држел Овчеполската област и дел од грчката земја (бил „ѹчестникъ Грькомь)[59]. Како искусен војвода учесвувал во освојувањето на Македонија и соседните предели, а и во преговорите што српскиот крал Душан ги водел со Јован Кантакузин во 1342 година. Споменатиот Византиец на пат за Приштина го забележал и својот престој на дворот на Ј. Оливер. Имено, тој по неуспехот што го претрпел во борбата против царицата и Апокавк кај градот Женско (Гинекокастрон), се повлекол со 2.000 луѓе на север и преку градот Просек дошол во Велес (1342 год.). Таму бил пречекан од војската на Ј. Оливер, која стоела наспроти градот од левата страна на р. Вардар. Ј. Оливер го примил пријателски, му го покажал преминот преку реката и потоа го повел во својот двор кадешто го гостел три дена.

---

[50] Љ. Стојановић, Записи и натписи, I, бр. 72.

[51] Законски споменици, стр. 662.

[52] Записи и натписи, I, бр. 74, 75, 76; Законски споменици, 675.

[53] Божидар Ферјанчић, Севастократори у Византији, Зборник радова Византолошког института, књ. XI, Београд 1968, стр. 141; од истиот: Севастократори и кесари у српском царству. Зборник радова Филозофског факултета, књига X — 1, Београд 1970, стр. 257 и 258.

[54] Љуб. Стојановић, Записи и натписи III, бр. 5047; Ј. Радонић, О деспоту Јовану Оливеру, стр. 104; Божидар Ферјанчић, Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, Београд 1960, стр. 159. Законски споменици, 676, 677, 680 и 681.

[55] Законски споменици, стр. 662.

[56] Ј. Радонић, О деспоту Јовану Оливеру, стр. 104 и 107.

[57] Одабрани споменици, стр. 151.

[58] Ј. Радонић, О деспоту Јовану Оливеру, стр. 104.

[59] Љ. Стојановић, Записи и натписи, бр. 75 и Гласник Друштва српске словесности, књ. XIII, Београд 1861, стр. 294.

Оттаму Ј. Кантакузин се упатил за Скопје, а Ј. Оливер за Морава (веројатно преку Градиште, Доброшане, Слупчане и Дунаво) со намера да го организира состанокот меѓу споменатите државници[60].

Дворот на Ј. Оливер, според приведениот опис, лежел некаде во пределот меѓу Велес и Скопје. На тој простор, освен Ѓуриште, нема друга положба што би одговарала за изградба на двор. Тоа има централно место во источна Македонија и покрива голем дел од Скопско, Велешко, Нагоричко и Овчеполско. Месноста, како воен пункт и како комуникационен јазел имала извонредно значење за средновековните прилики. Таму над селата Трстеник и с. Крушица, и на 8 км од с. Горобинци, и 13 км од Св. Николе, и денес има траги од некогашниот комплекс на тврдини. На Алини (Елини Ниви) југоисточно од манастирот Богородица, има грамади и еден издлабен камен. Темели има и на Старо Гумно (југоисточно од манастирот Богородица). На Средно Градиште има многу грамади а и простории со зачувани ѕидови. Таму, во подножјето на локалитетот, на стариот пат се распознава една просторија покриена со големи плочи. Големи камени блокови има и на третиот рид наречен Кула на Крали Марко. Таму, во една густа и непроодна шума има едно култно место на кое жените оставаат разни белези.

Јован Оливер, располагајќи со големо богатство, одделил средства за изградба на црквата Арангели во с. Лесново (Злетовско), која подоцна станала седиште на новоформирана епископија[61].

На Овче Поле бил раширен и црковниот имот. Меѓутоа, неговиот обем не е познат. Од зачуваните грамоти[62] се знае дека на Овче Поле имало забел за црковниот добиток (зимско пасиште) на манастирот Арангели кај Призрен, како и црква Св. Никола на р. Пчиња под Кожле[63].

Споменатата црква била запустена, веројатно во деновите на метеж, по смртта на владетелот Милутин. Тогаш, според биографот на кралот, имало борби меѓу феудалците и заграбување на туѓи имоти[64]. Во грамота јасно стои дека храмот бил „порушень и властели насилѩемь . . . помѣроп'шень". Еден од тие властели што присвоил и земја и луѓе бил Кар, кој имал двор од десната страна на р. Вардар на месноста Каља[65]. Црквата била обновена во времето на српскиот цар Душан и откако неговата жена Елена се примила да стане нејзин втор ктитор[66]. Притоа, на серскиот митрополит Јаков со грамота му

[60] Cantakuzeni, Historiarum III, 38, p. 238 Јов. Радонић, О деспоту Јовану Оливеру, стр. 96 и 97.

[61] Законски споменици, стр. 675 и 676.

[62] Има настојување некои имоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски да се локализираат на Овче Поле. Споменици I, стр. 182.

[63] Законски споменици, стр. 694 и 701.

[64] Животи краљева и архиепископа српских, стр. 156 и 157.

[65] Р. Груиќ, при читањето на името Кар, неосновано помислувал на Харалампие. Рад. Грујић, Лична властелинства српских црквених претставника у XIV и XV веку, Гласник Скопског научног друштва, књ. XIII, Скопље 1934, стр. 49.

[66] Законски споменици, стр. 702.

биле подарени имотот на црквата и црковните луѓе на доживотно користење, во вид на „баштина“. Личното властелинство што го стекнал митрополитот Јаков требало да му послужи како извор на приходи, односно како „прибежиште“ и „покоиште“ во случај на старост и болест, или во случај на принудно повлекување од функцијата. Според една одредба од даровната грамота, по смртта на митрополитот, целиот манастирски комплекс требал да му припадне на манастирот Арангели кај Призрен.

Црковниот имот бил формиран со дарови, со купување, а и по судски пат. Тука се мисли на судскиот спор што митрополитот Јаков го водел со Кар околу прибирањето на имотот и луѓето што црквата ги имала во времето на кралот Милутин. Имотот на црвката Св. Никола бил составен од земја и луѓе, од лозја, воденици, ловишта, шуми, пасишта и од селиштето Брус кое било купеница[67].

Рентата на манастирот потекнувала од работата на зависните луѓе, потоа од даноци како и од давачки за користењето на црковниот имот.

Имотот бил растурен по атарот на денешните цела Кожле, Блаце, Бадер, Брезица и Летевци. Трагови од тој имот и од неговите меѓи се зачувани во топонимијата на споменатите села. На пример: Осиковец (Јасиковец), Блатце, Мрамор (Мрамор—Поле), Црвен Мел, Млачишта (Млака) и Брезички пут[68].

Манастирскиот имот со согласност на митрополитот и под одредени услови можеле да го користат црковните и жупските луѓе. Притоа, парикот (зависен селанин) доколку обработувал, покрај својата баштина и црковна земја, давал десеток за црковната парцела. Потоа, жупските луѓе што имале лозја на црковна земја биле задолжени со давачка за лозје што била вообичаена во Скопско. Власи (сточари), еднакво и Срблје (земјоделци) што би ја користеле, преку зима, црковната земја за прибирање на добиток во зимишта давале тревнина, определена со закон. Луѓе, што би изградиле, со одобрение на митрополитот, воденица на црковната земја биле задолжени да даваат половина од приходот. За секое бесправно користење на црковната земја за правење лазови (со требеж на шумата) и лозја била предвидена висока глоба од по 100 перпери во полза на царската благајна и на црквата.

Манастирот притежавал работна рака составена од 30 куќи. Од нив, 20 куќи биле црковни луѓе, а 9 слободни луѓе што биле дојдени од византиска Анатолија во годините на турската инвазија. Меѓу дошлаците имало двајца попови, а меѓу црковните луѓе имало и двајца робови (отроци). Секоја куќа на црковните луѓе била задожлена со два работни дена во полза на црквата. Освен тоа, црковните луѓе имале обврска да даваат: две ѕвончести ведра, кои се четири во чабурот на

[67] Малку е веројатно дека називот Брус имал некаква врска со дошлаците од Мала Азија, како што помислувал Р. Грујиќ; Види: Лична властелинства, стр. 50.

[68] Петар Скок, Из топономастике Јужне Србије II — Скопска котлина, Гласник Скопког научног друштва, књ. XV—XVI, Скопље 1936, стр. 119 и Јов. Хаџи Васиљевић, Скопље и његова околина, Београд 1930, стр. 293.

црквата (или половина чабура — крбла за вино), десетта трмка доколку имал улишта и царски соќ (данок) доколку тие биле обложени со него.

На црквата Св. Никола во Кожле биле пренесени и некои права. Имено, таа била ослободена од сите царски работи, од жнеење, од сенокос, од позоб (обврска да се дава храна за владетелските коњи), од желадовина (надомест за користење желад од дабова шума), од тревнина (надомест за користење пасишта), потоа од псар и соколар (обврска за сместување и исхрана на одгледувачите на владетелските кучиња и соколи), од приселица (грижа за сместување и исхрана на владетелот и други лица) и од жупска приплата (давачка). Во грамотата има и одредба, со која им се забранува на органите на власта, посебно на кефалиите во Скопје и Кожле, како и на кнезот, да се мешаат во манастирските работи.

По смртта на Душан, централната власт, доколку постоела, не можела да го задржи засилувањето на феудалната олигархија и да им се спротивстави на многу велможи, кои загосподариле со области и градови во разни делови на Македонија. Голема територија и власт стекнале браќата Волкашин и Углеша, а по нив браќата Јован и Костадин Драгаш. Тие носеле и високи звања; еден од нив бил крал (Волкашин), а двајца биле деспоти (Углеша и Јован). Тогаш со Овче Поле, како и со голем дел од источна Македонија загосподариле браќата Драгаш.

Во битката на Марица загинале Волкашин и Углеша, како и голем број феудалци од Македонија. Тогаш, според зборовите на еден современик, настанало најлошо од сите времиња. Градовите и западните предели биле зафатени од голема оскудица и „зло љутија". Турските воени одреди навлегувале во македонските области и притоа вршеле колежи и заробувале беспомошни луѓе. Тие што ја одбегнале смртта биле изложени на нечувена глад. Според записот на старецот Исаија земјата останала пуста и од луѓе, и од добиток и од плодови. Меѓу преживеаните луѓе немало ни кнезови, ни водачи, ни наставници[69]. Луѓето, меѓу нив калуѓери и пустиножители, исплашени и во панично расположение, бегале во западните и северните предели на Балканскиот Полуостров[70].

Воено-политичката ситуација што била создадена со поразот на војската на браќата Волкашин и Углеша ја искористил Манојло, византиски господар на Солун и солунската област за проширување на својата власт во соседните предели, во прв ред во Серската област. Притоа, на освоената територија дошло до промена во правно-имотните односи и до воспоставување на правата на поранешните сопственици.

Едновремено разбиените и ослабените феудални сили се прибирале во прв ред околу браќата Драгаш и Крали Марко. Притоа феу-

[69] Записи и летописи, избор и редакција Радмила Угринова-Скаловска, Скопје 1975, стр. 141; А. Стојановски, Маричката битка и нејзините последици, Современост 9 (1971), стр. 860—871.

[70] Георгије Острогорски, Света Гора, после Маричке битке, Зборник Филоофског фактлтета XI — 1, Београд 1970, стр. 278.

далните господари настојувале да ги зачуваат и прошират своите права и интереси на сметка на соседите.

Државната власт на браќата Драгаш се протегала на територијата меѓу реките Струма и Вардар[71], а и во Тиквеш. Константин, според турските извори, располагал со голем воен одред, а и со рудно богатство. Турската власт постапно, но сигурно, се зацврстувала во Македонија. Турската подвижна коњица ги насочила своите напади врз градовите и комуникациите во Македонија. Во врска со тоа бил направен напор да се зацврстат тврдините со средства собрани преку војничкиот данок. Меѓутоа, градовите останале осамени во борбата против надмоќниот непријател. Нивниот отпор бил кршен со опсада и со јуриш на турската војска. На тој начин градовите паѓале под турска власт: градот Сер во 1383 година[72], а Овче Поле веројатно во време на воениот поход на Тимурташ-паша против Штип, Прилеп и Битола во 1385 година[73]. Во новиот бран на освојувања дел од македонските феудалци попаднал во турско ропство[74].

Браќата Драгаш му ја предале („и приложихь“) земјата на турскиот султан и ја признале турската врховна власт. Со тоа тие примиле обврска да плаќаат харач („даньkь Тоуркомь“) и да даваат воена помош. Со харач било обложено зависното население, а со него биле задолжени („расписахь землю всоу“) и црковните имоти кои инаку биле ослободени од некои давачки и работни обврски[75]. Турската војска на пат за Косово во 1389 година поминала преку територијата на К. Драгаш. Во почетокот на 1392 година Скопје паѓа под турска власт. Во текот на тие турски походи биле запустени некои градови и варошки населби. Само некои од тврдините останале и натаму активни, со турска посада и турски колонисти. Едновремено пропаѓале и селата, и црквите, и манастирите. Уште во тие години некои цркви биле претворени во џамии.

Кон крајот на 1393, некои македонски (Костадин Драгаш), српски и грчки властодршци биле повикани во Сер на разговор со султанот[76]. Тогаш, меѓу споменатите балкански господари имало договарање за заедничко спротивставување на турскиот султан.

Костадин Драгаш и Крали Марко и покрај тајното спротивставување биле принудени да учествуваат во турскиот воен поход против влашкиот војвода Мирче. Во битката на Ровини, во 1395 година загинале задните владетели во Македонија[77].

---

[71] Исто, стр. 277; Законски споменици, 514; Одабрани споменици,стр. 169; Миодраг Рајачић, Основно језгро државе Дејановића, Историски часопис, САН, Београд 1954, стр. 227; Раде Михалчић, Крај српског царства, Београд 1975, стр. 176.

[72] Георгије Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, стр. 506.

[73] Franz Babinger, Beiträge zur Fruhgeschichte der Türkenheerschaft in Rumelien (14—15) Jahrhundert) Brün (München) Wien, стр. 73, 74 и 77.

[74] J. Hammer, Geschichte des osmanischen Reiches, 1, Pest, стр. 101; Franz Babinger, Mehmed der Erober und seine Zeit, München, стр. 454.

[75] Види ја грамотата на Вук Бранковиќ, со која се обврзува, дека тој место Хиландар ќе го плаќа турскиот данок. Законски споменици, стр. 459 и 460.

[76] Г. Острогорски, Историја Визнатије, стр. 509.

[77] Исто, стр. 510.

Tomo TOMOSKI

## OVČE POLE IM MITTELALTER

(Zusammenfassung)

Im nördlichen Makedonien, in unmittelbarer Nähe von Skopje und Štip, auch an der unteren Bregalnica und unteren Pčinja, befindet sich das Gebiet Ovče Pole. Das ist ein hügeliges Hochland, von schwer gangbare Flußdefilëen umschlossen. Das Hochland ist wasserarm, nicht bewaldet und zeichnet sich durch große Weiden aus, auf welchen zahlreiche Schafsherden, besonders im Winter gehalten werden.

Nach der bekannten Beschreibung, die uns Idrisi in der Schrift „Geographie“ über Koritos gibt, lag diese Burg an der Strecke Skopje—Strumica. In der Wissenschaft bestehen geteilte Meinungen über die Lage von Koritos. Einige ausländische und einheimische Wissenschaftler suchen diese Burg bei Štip und bei Kratovo. Ich läßt nicht die Möglichkeit Koritos bei Kratovo zu lokalisieren, weil die Stadt sehr weit entfernt vom Weg Skopje—Strumica. Auf der Suche nach der erwähnten Burg kam ich zu der Schlußfolgerung, daß Koritos auf einer Anhöhe an der Lokalität Gurište im nördlichen Ovče Pole nahe dem Dorf Trstenik und auf dem Weg Skopje—Ovče Pole lag. Von dort ausbietet sich ein schöner Blick über das umliegende Feld und die nahen Höhen und Gebierge. Hier spalten sich die Wege nach Skopje, Morava und Štip.

Dort, am genannten Ort (Đurište), gibt es überall über das Terrain verstreute Gramadi (Haufen aus Stein) und Keramikstücke. Dort verhandelte im Jahre 1299 der serbische Kral Milutin mit dem byzantinischen Gesandten Theodoros Metochites. In Đurište war das Schloß und der Hauptsitz von Jovan Oliver.

Die Burg Kožle lag westilcher von Gurište und links von der Einmündung die Pčinja in den Vardar, in einer Felsenschlucht und in einer unpasierbaren Felsenge. Heute besteht eine Autostraße von Skopje nach Titov Veles. Die Burg ein Kloster des h. Nikola gehabt hat, der im Jahre 1348 in einer Urkunden des Dušan bezeugt werden und dessen Güter bis zum Flüße Vardar reichten.



Сл. 1. — Завојот на р. Пчиња кај Кожле



Сл 2. — Положбата на црквата Св. Никола



Сл. 3. — Руини на средновековниот град Кожле



Сл. 4. — Руинирана кула на градот Кожле



Сл. 5. — Ѓуриште




Сл.6–План на градот Кожле




Сл.7-План на Ѓуриште




Т. 8 — Македонски и другите градови на Идрисовата карта




Сл. 9–Топографска снимка на Ѓуриште